ВЕСТИ > МАКЕДОНИЈА

# ЗНМ: Професионалните новинарски и медиумски организации се против владини кампањи во медиумите

19.07.23 10:41

Like Share Tweet

Професионалните новинарски здруженија и граѓанските организации од медиумскиот сектор повторно упатуваат најостра реакција во врска со начинот на кој Министерството за информатичко општество и јавна администрација (МИОА) го води процесот на јавна дебата за дополнително предложените измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ) со кои се предлага повторно воведување на т.н. државно рекламирање во земјава.

> **Ние сме против повторното воведување на праксата на трошење јавни пари во приватните медиуми, што во минатото се покажа како погубна за независната уредувачка политика на овие медиуми, за независното новинарство и за состојбата на медиумскиот пазар, против законски решенија кои го фаворизираат само интересот на дел од приватниот медиумски сектор и ја занемаруваат критичката улога на новинарството во демократијата и јавниот интерес на сите граѓани, велат во соопштението.**

Нагласуваат дека овие решенија се во целост спротивни на стандардите на Европската комисија, а особено на новата предлог – Регулатива за слободата на медиумите во која е јасно наведено дека европскиот пазар се нарушува со нетранспарентната и неправична распределба на јавни средства за државно огласување, особено кога тие средства преференцијално се доделуваат на водечки национални медиуми или се користат за тајно фаворизирање или субвенционирање на медиуми кои пренесуваат ставови блиски на актуелната власт.

> **Ние сме за законски решенија со кои ќе се поттикне разновидноста на квалитетни содржини и ќе се поддржи независното и професионално новинарство и во непрофитниот и во приватниот сектор – а тоа е можно преку воведување Фонд за плурализам на медиумски содржини и располагаме со капацитети, знаење и меѓународни искуства да изработиме квалитетни предлози со кои ќе се подобри статусот на медиумските работници, ќе се опфатат сите чинители во индустријата без да се фаворизираат страни, а се со цел да се зајакне неоспорната независност на новинарската дејност, потецираат во соопштението.**

Особено загрижува, велат, тенденцијата со која Владата, од една страна, се договара и му ветува на приватниот медиумски сектор дека ќе ја воведе повторно оваа пракса, а од друга страна одговорноста за тоа што не е досега воведена ја префрла на здруженијата и организациите кои се конзистентни во принципиелниот став дека се против праксата со јавни пари да се плаќаат кампањи во приватните медиуми. Дополнително, овој предлог е изработен на нетранспарентен начин без експертска поддршка и затоа истиот треба да биде повлечен.

> **Од овие причини, ја информираме јавноста и надлежните институции дека нема да учествуваме на денешната јавна расправа во организација на МИОА со која се сака да се прикаже лажна транспарентност за процес за кој во општеството не постои ниту минимален консензус, додаваат од Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ), Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), Совет за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), Македонски институт за медиуми (МИМ), Институт за истражување на општествениот развој (РЕСИС), Здружение на регионални и локални медиуми „Медиум Објектив“ и Институт за комуникациски студии (ИКС).**

OhridNews

Like Share Tweet

© Ohridnews.com. All rights reserved.
The content of this article, should not be printed, copied or published in any way, without permission by Ohridnews.com

## ПОВРЗАНИ ВЕСТИ

08.08.23 09:17

**Умерено облачно и посвежо, до 27 степени**

08.08.23 09:08

**Дваесет и две години од загинувањето на армиските резервисти...**

04.08.23 13:44

**Бабовски: Во тек се проверки дали на нашиот пазар...**

МАРКЕТИНГ ИМПРЕСУМ КОНТАКТ

Supported by European Endowment for Democracy

## АНКЕТА

Дали треба да се регулира/ограничи бројот на пловни објекти на Охридското Езеро?

Да

Не

**Гласај**

## ВРЕМЕ

**Охрид**

**16.8°**

## МЕДИУМОТ Е ДЕЛ ОД ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА:

PROMEDIA.MK

УСЛОВИ НА КОРИСТЕЊЕ КОЛАЧИЊА

ица: **046 267 267** ФТУ - Охрид: **046 262 147** Охридско лето: **046 261 304** Организација на

Copyright Ohridnews 2006-2023. All rights reserved.